Архивски број: 04-6466/8
25.12 2020 година, Скопје

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници ("Сл. Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/19 и 14/20), Директорот на Државниот инспекторат за труд донесе

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 05/2020 од 18.12.2020 година за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за труд, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за администрација, за работното место Самостоен референт за административно - техничка поддршка во спроведување на инспекциски надзори од областа на безбедност и здравје при работа, лоцирано во Тетово, во Одделение за инспекциски надзор во областа на безбедност и здравје при работа – Регион III, Сектор за инспекциски надзор во областа на безбедност и здравје при работа, - 1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- **Сами Алими**

2. Директорот на Државниот инспекторат за труд за Сами Алими во рок од 5 дена по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На веб страната на Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за труд, за работното место Самостоен референт за административно - техничка поддршка во спроведување на инспекциски надзори од областа на безбедност и здравје при работа, лоцирано во Тетово - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-6466/5 од 25.12.2020 година, спроведе административна селекција по интерениот оглас, за што изготви Записник заведен под бр. 04-6466/6 од 25.12.2020 година, по што Комисијата спроведе интервју, за што е составен Записник заведен под бр. 04-6466/7 од 25.12.2020 година. Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-6466/7 од 25.12.2020 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.

Согласно со член 52 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архива

Изготвил/Одобрил: М.Ѓ.

В.д. Директор
Јованка Тренчевска